**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-516/7**

**Скопје, 16.10.2007 година**

## АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - сметка за приходи наплатени од органи, за 2006 година, (во понатамошниот текст: Агенција) кои се прикажани на страните од 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството - сметка за приходи наплатени од органи за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Стевче Стефановски, директор од 14.11.2002 до 29.08.2006 година
   - М-р Благој Ѓорѓиевски, директор од 05.09.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.07 2007 до 28.07.2007 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија

со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 30.09.2007 година и на 05.10.2007 година примени се забелешки под архивски број 1104-516/4 на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и одбиени, поради не доставени нови материјални докази и аргументи кои ќе влијаат на мислењето на ревизорот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли во процесите**

11.1.1. Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството нема воспоставено систем на интерни контроли со кој ќе се обезбеди проверка на точноста на потрошокот на горивото по работните единици. Раздолжувањето на сметки се врши без претходно да се изврши проверка на сметковна и формална точност за вредноста на потрошеното гориво и извршената работа на терен наведена во налозите за користење на патничко возило, што остава простор за манипулации и прикажување на нереална потрошувачка на горивото. Невоспоставениот систем на интерни контроли не дава доволно уверување дека искажаните трансакции фактички се извршиле, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради што ревизијата не можеше да се увери во наменското и законското користење на исплатените средства во вкупен износ од 229 илјади денари.

11.1.2. Со увид во начинот на исплата на фактурите од добавувачите констатирано е дека се врши исплата без доволно поткрепувачка документација од која ќе може да се утврди основот за исплатата на истите, не е обезбеден физички доказ (потпис) од страна на овластено лице со што ќе се потврди дека документот е вистинит и дека реално ја прикажува сметководствената трансакција. Ваквата состојба е во спротивност на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и може да има за ефект необезбедена точност на расходите искажани во Билансот на приходи и расходи.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Агенцијата да воспостави ефикасен систем на контрола на потрошок на горивото на ниво на институција се цел реално утврдување на вредноста на потрошок на горивото сразмерно со извршената работа.

2. Сметководствена документација да биде оверена од страна на директорот или друго овластено лице со цел потврдување на вистинитост и реалност на сметководствената трансакција.

11.2. **Неправилности во искажување на приходите**

11.2.1. Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделството остварува приходи од закупнина на деловен објект во вкупен износ од 102 илјади денари, кои приходи согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи се приходи на буџетот и има за ефект помалку уплатените средства во Буџетот на РМ.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Агенцијата средствата од закупнини да ги уплаќа во Буџетот на РМ согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

11.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.3.1. Спротивно на Законот за јавни набавки извршени се набавки за превоз на вработени за службени патувања во странство во вкупен износ од 314 илјади денари, повеќе пати во текот на годината од исти добавувачи, со што не е обезбедена транспарентност и јавност во набавката и има за последица незаконски потрошени државни средства.

11.3.2. Со Одлука на директорот исплатени се надоместоци на надворешни лица кои не се вработени во Агенцијата во вид на спонзорства во вкупен износ од 20 илјади денари, кои не се во функција на работењето на Агенцијата, спротивно на Законот за буџетите и има за ефект ненаменски потрошени средства

11.3.3. Спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство исплатени се средства на член на Управниот одбор за патување во странство, без поткрепувачка документација за оправданоста на направените трошоци. Ваквата исплата има за ефект ненаменски и незаконски потрошени средства за службени патувања.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Агенцијата да обезбеди доследна и целосна примена на Законот за јавни набавки.
2. Исплатата на средствата да биде во функција на работењето на Агенцијата, согласно на Законот за буџетите.
3. Дневниците и другите расходи за службените патувања во странство да се исплаќаат во согласност на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци.

12. Според наше мислење финансиските извештаи, ја претставуваат вистинито и објективно, во сите значајни аспекти финансиската состојба на Агенцијата за



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

поттикнување на развојот на земјоделството - Сметка за приходи наплатени од органи под 31.12.2006 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Сметка за приходи наплатени од органи, е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. **Прифатени искорегирани неправилности од страна на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во текот на ревизијата**

14.1.1. Ревизијата предложи корекција на позицијата Обврски спрема работниците, со која истата се намалува за 140 илјади денари во корист на позицијата Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година, поради несоодветно евидентирани трансфери на средствата од Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство. Корекцијата е спроведена во налог број 6 од 16.07.2007 година.

14.1.2. Извршена е корекција на Позицијата Извори на деловни средства со која истата се намалува за 36,393 илјади денари во корист на позицијата Дел од вишок на приходите за пренос во наредната година, за вредноста на погрешно евидентиран прилив на парични средства по основ на продадени возила на вработените по договор за лизинг. Корекција е спроведена во налог број 6 од 16.07.2007 година.

15. Со извршената ревизија на финансиските извештаи, ревизија има обврска да ги обелодени показателите и ризиците кои можат да имаат значајно влијание врз континуитетот на работењето на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството од следните причини: Врз основа на проектот за подршка на индивидуалните земјоделски производители, финансиран од Светска Банка и Владата на РМ, набавени се 64 патнички возила за потребите на Агенцијата. Согласно проектот, во јули 2000 година склучени се типски договори, поединечно со секој вработен за работно ангажирање со стекнување право на купување на добиените возила на лизинг. Ревизијата костатира дека со состојба на 31.12.2006 година формиран е Фонд од 36,393 илјади денари, врз основа на уплати од сите потписници на договорите, кои со исполнување на условите од Договорот го стекнале правото на сопственост на возилата. Со завршувањето на проектот и исполнување на договорот Агенцијата веќе не поседува свој сопствен возен парк и е соочена со проблем на реализација на основна дејност за која е основана. Од друга страна располага со Фонд од 36,393 илјади денари кои би требало да се наменат за купување на возила за потребите на Агенцијата. До денот на ревизија не беше отпочната постапката околу набавка на нови возила согласно препораките на Владата да не се врши набавка на возила, што има за ефект зголемување на трошоците за користење на сопствени возила за службени цели.

**Скопје, 15.10.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.418 | 2.137 |
| Трансфери и донации | 36.533 | 518 |
| **Вкупно приходи** | **38.951** | **2.655** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 2.150 | 2.236 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 308 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2.150** | **2.544** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 268 | 111 |
| **Вкупно капитални расходи** | **268** | **111** |
| **Вкупно расходи** | **2.418** | **2.655** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **36.533** | **0** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*
*Овластен Државен ревизор*
---------------------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 36.587 | 33.455 |
| **Вкупно тековни средства** | **36.587** | **33.455** |
| **Вкупна актива** | **36.587** | **33.455** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 | 19 |
| Финансиски и пресметковни односи | 54 | 5 |
| Пасивни временски разграничувања | 36.533 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **36.587** | **24** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 0 | 33.431 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **0** | **33.431** |
| **Вкупна пасива** | **36.587** | **33.455** |